# Службен гласник

## на Општина Струмица

Број 6 | Петок, 28 април 2023 год.

www.strumica.gov.mk


**С о д р ж и н а**


| Рег. бр. | Градоначалник на општина Струмица: | Стр. | Рег. бр. | | Стр. |
|---|---|---|---|---|---|
| **118.** | **Одлука** за организирање на јавна анкета и јавна презентација на Локална Урбанистичка планска документација за намена А4– ВРЕМЕНО СМЕСТУВАЊЕ на КП 3697/1; КП 3696/1; КП 3701; КП 3702; КП 3703; КП 3704; КП 3705; КП 3706; КП 3707 и КП 3708 КО КУКЛИШ –ВОН Г.Р ,Општина Струмица .................... | 3 | **120.** | **Решение** за формирање на Комисија за спроведување на јавна анкета и јавна презентација на Локална Урбанистичка планска документација за намена А4 – ВРЕМЕНО СМЕСТУВАЊЕ на КП 3697/1; КП 3696/1; КП 3701; КП 3702; КП 3703; КП 3704; КП 3705; КП 3706; КП 3707 и КП 3708 КО КУКЛИШ –ВОН Г.Р , Општина Струмица .......................... | 5 |
| **119.** | **Решение** за именување директор на ООУ „Маршал Тито“- Струмица ...... | 4 | **121.** | **Решение** за објавување на прописите и другите акти донесени на 22-та седница на Советот на општина Струмица …...................... | 5 |
| | **Совет на општина Струмица** | Стр. | Рег. бр. | . | Стр. |
| **122.** | **Одлука** за издавање на гаранција за задолжување на ЈПКД „Комуналец“ Струмица .......................................... | 8 | **124.** | **Одлука** за усвојување на Локална стратегија за млади на Општина Струмица 2023-2027 ....................... | 9 |
| **123.** | **Одлука** за усвојување на Стратегија за развој на образованието на Општина Струмица ........................... | 8 | **125.** | **Одлука** за учество на Општина Струмица по проект за „Превземи чекор – заштити ја животната средина ....................................... | 9 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **126.** | **Одлука** за учество на Општина Струмица по проект за „Техничка документација за нови регионални проекти ......................................... | 10 | **136.** | **Програма** за дополнување на Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Струмица за 2023 година ........................................... | 15 |
| **127.** | Одлука за утврдување на висината на месечниот надоместок на Претседателот и членовите на органите на управување на ЈСП „Струмица – Транспорт“ Струмица .... | 10 | **137.** | **Програма** за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Струмица за 2023 година | 16 |
| **128.** | **Одлука** за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и директорот на ЈОУДГ „Виножито“ Струмица за 2023 година ................ | 11 | **138.** | **Решение** за именување на вршители на должност членови на Управниот одбор на ЈСП „Струмица – Транспорт“ Струмица ..................... | 17 |
| **129.** | **Одлука** за утврдување на висината на месечниот надоместок на претседателот и на членовите на Управниот одбор на ЛУБ „Благој Јанков Мучето“ Струмица ............. | 11 | **139.** | **Решение** за именување на вршители на должност членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈСП „Струмица – Транспорт“ Струмица .. | 17 |
| **130.** | **Одлука** за недонесување на Измена и дополнување на Детален урбанистички план за Блок 8 (КП 108/2) КО Струмица, Општина Струмица (Плански период 2018-2023 година) ........................................... | 12 | **140.** | **Решение** за избор на Ѓорѓи Стојанов за командир на полициска станица од општа надлежност Струмица ....... | 18 |
| **131.** | **Одлука** за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за проширување на плански опфат на КП бр.7930, КО Струмица .......................................... | 12 | **141.** | **Заклучок** за усвојување на Годишен извештај за спроведување на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион за 2022 година ................................. | 18 |
| **132.** | **Одлука** за утврдување на неисполнети услови за донесување на урбанистичко планска документација за усогласување на намена за КП 5215/2 во КО Струмица | 13 | **142.** | **Заклучок** за давање согласност на Ценовник на услугите за корисниците на ЛУБ „Благој Јанков Мучето“ Струмица ........................... | 18 |
| **133.** | **Одлука** за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација за промена на граници на ГП 59.18. II кон ГП 58.18. II, ГП 57.18. II, ГП 61.18. II и ГП 60.18. II,дел од ДУП за УБ18 во Струмица ............ | 13 | **143.** | **Заклучок** за давање согласност на Извештај за работењето на ЈПЗБК „Стационар-Лана“ Струмица за период 01.01.2023 – 31.03.2023 година ........................................... | |
| **134.** | **Одлука** за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација за промена на граници на ГП 21.16 кон ГП 21.15 и ГП 21.17, - дел од УБ 21, во Струмица ................ | 13 | **144.** | **Заклучок** за усвојување на Анекс на годишната програма за работа на СОУ „Никола Карев” Струмица во учебната 2022/2023 година ........... | 19 |
| **135.** | **Одлука** за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација за формирање градежна парцела со намена А2- Станбени згради на делови од КП 1704, 1705/1, 1705/2, 1706, 1707/1 и 1709/4 КО Струмица, општина Струмица ......... | 15 | **145.** | **Заклучок** за усвојување на Анекс на годишната програма за работа на СОУУД „Димитар Влахов” Струмица во учебната 2022/2023 година ......... | 19 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **146.** | **Заклучок** за усвојување на Годишна сметка со финансов извештај на СОУ „Никола Карев“ Струмица за 2022 година ........................................ | 20 | **153.** | **Заклучок** за усвојување на Годишна сметка со финансов извештај на ООУ„Гоце Делчев“ Вељуса за 2022 година ............................................ | 22 |
| **147.** | **Заклучок** за усвојување на Годишна сметка со финансов извештај на СОУ „Јане Сандански“ Струмица за 2022 година ............................................. | 20 | **154.** | **Заклучок** за усвојување на Годишна сметка со финансов извештај на ООУ„Кирил и Методиј“ Дабиле за 2022 година ..................................... | 22 |
| **148.** | **Заклучок** за усвојување на Годишна сметка со финансов извештај на СОУУД „Димитар Влахов“ Струмица за 2022 година ................................. | 20 | **155.** | **Заклучок** за усвојување на Годишна сметка со финансов извештај на ООУ„Маршал Тито” Муртино за 2022 година ............................................. | 22 |
| **149.** | **Заклучок** за усвојување на Годишна сметка со финансов извештај на ООУ „Никола Вапцаров“ Струмица за 2022 година ............................................ | 21 | **156.** | **Заклучок** за усвојување на Годишна сметка со финансов извештај на ООУ „Даме Груев” Куклиш за 2022 година ............................................ | 23 |
| **150.** | **Заклучок** за усвојување на Годишна сметка со финансов извештај на ООУ „Видое Подгорец“ Струмица за 2022 година ............................................. | 21 | **157.** | **Заклучок** за усвојување на Годишна сметка со финансов извештај на ООУ „Герас Цунев” Просениново за 2022 година .................................... | 23 |
| **151.** | **Заклучок** за усвојување на Годишна сметка со финансов извештај на ООУ „Сандо Масев“ Струмица за 2022 година ............................................ | 21 | **158.** | **Заклучок** за усвојување на Годишна сметка со финансов извештај на ООМУ „Боро Џони” Струмица за 2022 година ..................................... | 23 |
| **152.** | **Заклучок** за усвојување на Годишна сметка со финансов извештај на ООУ „Маршал Тито“ Струмица за 2022 година .............................................. | 21 | **159.** | **Заклучок** за давање согласност на Измена на Годишен план за вработување за 2023 година на ООУ „Маршал Тито“ Муртино ................ | 24 |



---

**118.**

Врз основа на член 35 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (“Службен весник на Република Македонија “ број 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18) и член 39 од Статутот на Општина Струмица (“Службен гласник на Општина Струмица” број 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Градоначалникот на Општина Струмица, донесе

**О д л у к а**
**за организирање на јавна анкета и јавна презентација на Локална Урбанистичка планска документација за намена А4– ВРЕМЕНО СМЕСТУВАЊЕ на КП 3697/1; КП 3696/1; КП 3701; КП 3702; КП 3703; КП 3704; КП 3705; КП 3706; КП 3707 и КП 3708 КО КУКЛИШ –ВОН Г.Р , Општина Струмица**

**Член 1**

Се организира јавна анкета и јавна презентација на Локална Урбанистичка планска документација за намена А4– ВРЕМЕНО СМЕСТУВАЊЕ на КП 3697/1; КП 3696/1; КП 3701; КП 3702; КП 3703; КП

3704; КП 3705; КП 3706; КП 3707 и КП 3708 КО КУКЛИШ –ВОН Г.Р ,Општина Струмица, со површина од 11.038,44 м$^2$.

Просторот на планскиот опфат е ограничен од:

- североисточна страна со регионален пат Р1402 (Р605);
- северозападна страна со КП бр.3698/1 и КП бр.3700, КО Куклиш – вон г.р.;
- југозападна страна со КП бр. 3709, КП бр.3710 и КП бр.3889 – КО Куклиш – вон г.р.;
- југоисточна страна со КП бр. 2355, КП бр. 2354 и КП бр.2352 – КО Куклиш – вон г.р.

**Член 2**

Одлуката за организирање на јавна анкета и јавна презентација ќе биде објавена на огласната табла на Општина Струмица, во Секторот за урбанизам, комунални работи и градежно земјиште, на ВЕБ страницата на Општина Струмица, во Службен гласник на Општина Струмица и во две јавни гласила.

**Член 3**

Јавната анкета ќе трае од 04.05.2023 година до 17.05.2023 година, а јавната презентација ќе се одржи на ден 05.05.2023 година во 12:30 часот во просториите на Секторот за урбанизам, комунални работи и градежно земјиште на ул. „Ленинова“ бр.34.

**Член 4**

Локална Урбанистичка планска документација за намена А4– ВРЕМЕНО СМЕСТУВАЊЕ на КП 3697/1; КП 3696/1; КП 3701; КП 3702; КП 3703; КП 3704; КП 3705; КП 3706; КП 3707 и КП 3708 КО КУКЛИШ –ВОН Г.Р ,Општина Струмица, ќе биде изложен во просториите на Секторот за урбанизам, комунални работи и градежно земјиште на ул „Ленинова“ бр.34.

**Член 5**

Во спомenатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во ”Службен гласник на Општина Струмица”.

Бр. 09-3479/2 Општина Струмица
27.04.2023 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Костадин Костадинов с.р.

..........................................

**119.**

Врз основа на член 115 став 1 и став 14 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/2019 и 229/2020) и член 39 став 1 алинеја 15 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10,1/15, 8/18 и 16/19), а во врска со член 109 став 6, став 7 и став 8 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/2019 и 229/2020 ) и Предлогот од Училишниот одбор на ООУ „Маршал Тито“-Струмица со архивски бр. 09-131/4 од 31.03.2023 година, Градоначалникот на општина Струмица, го донесе следното:

**Р е ш е н и е**
**за именување директор на ООУ „Маршал Тито“- Струмица**

1. За директор на ООУ „Маршал Тито“-Струмица се именува Благица Устапетрова, дипломиран професор по македонски јазик и книжевност;

2. Мандатот на директорот трае четири години, започнувајќи од 06.04.2023 година;

3. Оваа Решение влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр. 09-2856/2 Општина Струмица
06.04.2023 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Костадин Костадинов с.р.

..............................................

**120.**

Врз основа на член 35 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (“Службен весник на Република Македонија” број 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16 ,64/18 и 168/18) и член 39 од Статутот на Општина Струмица (“Службен гласник на Општина Струмица” број број 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18 и 16/19 и 29/19), Градоначалникот на Општина Струмица, донесе

**Р е ш е н и е**
**за формирање на Комисија за спроведување на јавна анкета и јавна презентација на Локална Урбанистичка планска документација за намена А4– ВРЕМЕНО СМЕСТУВАЊЕ на КП 3697/1; КП 3696/1; КП 3701; КП 3702; КП 3703; КП 3704; КП 3705; КП 3706; КП 3707 и КП 3708 КО КУКЛИШ –ВОН Г.Р ,Општина Струмица**

1. Се формира Комисија за спроведување на јавна анкета и јавна презентација на Локална Урбанистичка планска документација за намена А4– ВРЕМЕНО СМЕСТУВАЊЕ на КП 3697/1; КП 3696/1; КП 3701; КП 3702; КП 3703; КП 3704; КП 3705; КП 3706; КП 3707 и КП 3708 КО КУКЛИШ –ВОН Г.Р ,Општина Струмица, со површина од 11038,44м$^2$ во состав:

- Софија Ристова - Раководител на Секторот за урбанизам, комунални работи и градежно земјиште,

- Лилјана Ивановска - претставник на изготвувачот на планот,

- Елина Трендова - дипломиран архитект, надворешен член.

2. Се задолжува Комисијата да ја спроведе јавната анкета од 04.05.2023 година до 17.05.2023 година, а јавната презентација на ден 05.05.2023 година во 12:30 часот во просториите на Секторот за урбанизам, комунални работи и градежно земјиште на ул. „Ленинова“ бр.34.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Струмица”.

Бр. 09-3479/3 Општина Струмица
27.04.2023 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Костадин Костадинов с.р.

......................................

**121.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на Општина Струмица („Службен гласник на Општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Градоначалникот на Општина Струмица**,** донесе:

**Р е ш е н и е**
**за објавување на прописите и другите акти донесени на 22-та седница на Советот на општина Струмица**

I.Се објавуваат прописите и другите акти донесени на 22-та седница на Советот на општина Струмица, одржана на 25.04.2023 година и тоа:

1. Одлука за издавање на гаранција за задолжување на ЈПКД „Комуналец“ Струмица, бр.08-3408/1 од 26.04.2023 година;
2. Одлука за усвојување на Стратегија за развој на образованието на Општина Струмица за 2023-2027, бр.08-3412/1 од 26.04.2023 година;
3. Одлука за усвојување на Локална стратегија за млади на Општина Струмица 2023-2027, бр.08-3413/1 од 26.04.2023 година;
4. Одлука за учество на Општина Струмица по проект за „Превземи чекор – заштити ја животната средина“, бр.08-3414/1 од 26.04.2023 година;

5. Одлука за учество на Општина Струмица по проект за „Техничка документација за нови регионални проекти“, бр.08-3415/1 од 26.04.2023 година;
6. Одлука за утврдување на висината на месечниот надоместок на Претседателот и членовите на органите на управување на ЈСП „Струмица – Транспорт“ Струмица, бр.08-3417/1 од 26.04.2023 година;
7. Одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и директорот на ЈОУДГ „Виножито“ Струмица за 2023 година, бр.08-3418/1 од 26.04.2023 година;
8. Одлука за утврдување на висината на месечниот надоместок на претседателот и на членовите на Управниот одбор на ЛУБ „Благој Јанков Мучето“ Струмица, бр.08-3419/1 од 26.04.2023 година;
9. Одлука за недонесување на Измена и дополнување на Детален урбанистички план за Блок 8 (КП 108/2) КО Струмица, Општина Струмица (Плански период 2018-2023 година) , бр.08-3420/1 од 26.04.2023 година;
10. Одлука за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за проширување на плански опфат на КП бр.7930, КО Струмица, бр.08-3421/1 од 26.04.2023 година;
11. Одлука за утврдување на неисполнети услови за донесување на урбанистичко планска документација за усогласување на намена за КП 5215/2 во КО Струмица, бр.08-3422/1 од 26.04.2023 година;
12. Одлука за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација за промена на граници на ГП 59.18. II кон ГП 58.18. II, ГП 57.18. II, ГП 61.18. II и ГП 60.18. II,дел од ДУП за УБ18 во Струмица, бр.08-3423/1 од 26.04.2023 година;
13. Одлука за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација за промена на граници на ГП 21.16 кон ГП 21.15 и ГП 21.17, - дел од УБ 21, во Струмица, бр.08-3424/1 од 26.04.2023 година;
14. Одлука за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација за формирање градежна парцела со намена А2- Станбени згради на делови од КП 1704, 1705/1, 1705/2, 1706, 1707/1 и 1709/4 КО Струмица, општина Струмица, бр.08-3425/1 од 26.04.2023 година;
15. Програма за дополнување на Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Струмица за 2023 година, бр.08-3426/1 од 26.04.2023 година;
16. Програма за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Струмица за 2023 година, бр.08-3427/1 од 26.04.2023 година;
17. Решение за именување на вршители на должност членови на Управниот одбор на ЈСП „Струмица – Транспорт“ Струмица, бр.08-3428/1 од 26.04.2023 година;
18. Решение за именување на вршители на должност членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈСП „Струмица – Транспорт“ Струмица, бр.08-3429/1 од 26.04.2023 година;
19. Решение за избор на Ѓорѓи Стојанов за командир на полициска станица од општа надлежност Струмица, бр.08-3430/1 од 26.04.2023 година;
20. Заклучок за усвојување на Годишен извештај за спроведување на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион за 2022 година, бр.08-3431/1 од 26.04.2023 година;
21. Заклучок за давање согласност на Ценовник на услугите за корисниците на ЛУБ „Благој Јанков Мучето“

Струмица, бр.08-3432/1 од 26.04.2023 година;

22. Заклучок за давање согласност на Извештај за работењето на ЈПЗБК „Стационар-Лана“ Струмица за период 01.01.2023 – 31.03.2023 година, бр.08-3433/1 од 26.04.2023 година;
23. Заклучок за усвојување на Анекс на годишната програма за работа на СОУ „Никола Карев” Струмица во учебната 2022/2023 година, бр.08-3434/1 од 26.04.2023 година;
24. Заклучок за усвојување на Анекс на годишната програма за работа на СОУУД „Димитар Влахов” Струмица во учебната 2022/2023 година, бр.08-3435/1 од 26.04.2023 година;
25. Заклучок за усвојување на Годишна сметка со финансов извештај на СОУ „Никола Карев“ Струмица за 2022 година, бр.08-3436/1 од 26.04.2023 година;
26. Заклучок за усвојување на Годишна сметка со финансов извештај на СОУ „Јане Сандански“ Струмица за 2022 година, бр.08-3437/1 од 26.04.2023 година;
27. Заклучок за усвојување на Годишна сметка со финансов извештај на СОУУД „Димитар Влахов“ Струмица за 2022 година, бр.08-3438/1 од 26.04.2023 година;
28. Заклучок за усвојување на Годишна сметка со финансов извештај на ООУ „Никола Вапцаров“ Струмица за 2022 година, бр.08-3439/1 од 26.04.2023 година;
29. Заклучок за усвојување на Годишна сметка со финансов извештај на ООУ „Видое Подгорец“ Струмица за 2022 година, бр.08-3440/1 од 26.04.2023 година;
30. Заклучок за усвојување на Годишна сметка со финансов извештај на ООУ „Сандо Масев“ Струмица за 2022 година, бр.08-3441/1 од 26.04.2023 година;
31. Заклучок за усвојување на Годишна сметка со финансов извештај на ООУ „Маршал Тито“ Струмица за 2022 година, бр.08-3442/1 од 26.04.2023 година;
32. Заклучок за усвојување на Годишна сметка со финансов извештај на ООУ„Гоце Делчев“ Вељуса за 2022 година, бр.08-3443/1 од 26.04.2023 година;
33. Заклучок за усвојување на Годишна сметка со финансов извештај на ООУ„Кирил и Методиј“ Дабиле за 2022 година, бр.08-3444/1 од 26.04.2023 година;
34. Заклучок за усвојување на Годишна сметка со финансов извештај на ООУ„Маршал Тито” Муртино за 2022 година, бр.08-3445/1 од 26.04.2023 година;
35. Заклучок за усвојување на Годишна сметка со финансов извештај на ООУ „Даме Груев” Куклиш за 2022 година, бр.08-3446/1 од 26.04.2023 година;
36. Заклучок за усвојување на Годишна сметка со финансов извештај на ООУ „Герас Цунев” Просениново за 2022 година, бр.08-3447/1 од 26.04.2023 година;
37. Заклучок за усвојување на Годишна сметка со финансов извештај на ООМУ „Боро Џони” Струмица за 2022 година, бр.08-3448/1 од 26.04.2023 година;
38. Заклучок за давање согласност на Измена на Годишен план за вработување за 2023 година на ООУ „Маршал Тито“ Муртино, бр.08-3449/1 од 26.04.2023 година.

II.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр. 09-3489/2 Општина Струмица
28.04.2023 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Костадин Костадинов с.р

.

..............................

**122.**

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19 и 89/22), и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 25.04.2023 година, донесе

**О д л у к а**
**за издавање на гаранција за задолжување на**
**ЈПКД „Комуналец“ Струмица**

**Член 1**

Со оваа Одлука се издава гаранција за задолжување на ЈПКД „Комуналец“ Струмица во домашна деловна банка и условите под кои таа се издава, за изградба на фотоволтаични централи.

**Член 2**

Општина Струмица безусловно и неотповикливо се обврзува и ги гарантира сите плаќања на ЈПКД „Комуналец“ Струмица, кои ќе произлезат од договорот за заем склучен врз основа на Одлуката за задолжувањето на ЈПКД „Комуналец“ Струмица кај домашна банка број 02-884/6 од 13.02.2023 година донесена од страна на Управниот одбор на ЈПКД „Комуналец“ Струмица.

**Член 3**

Општина Струмица дава гаранција за задолжување на ЈПКД „Комуналец“ Струмица под следните услови:

- Вкупен износ на задолжување 131.292.280,00 денари;
- Задолжување во домашна деловна банка, со рок на отплата до 10 години;
- -променлива каматна стапка, и истата ќе се пресметува на основа на 6 месечен Еуроибор(Euroibor) за евра што важела на последниот ден од полугодието (30 Јуни и 31 Декември), што му претходело на тековното полугодие зголемена за 2,75 процентни поени;
- -провизија за евалуација на долгорочен кредит во рамките на рамковен револвинг кредит во висина од 0,50%;
- -провизија за одржување се наплаќа годишно на салдото на кредитот почнувајќи од наредната година во висина од 0,25 %;
- Обезбедување со нотаризирана меница/хипотека на недвижен имот/залог на опремата предмет на финансирање.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ,,Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-3408/1 Совет на општина Струмица
26.04.2023 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.

...................................

**123.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица” бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 25.04.2023 година, донесе

**О д л у к а**
**за усвојување на Стратегијата за развој на образованието на Општина Струмица за 2023-2027**

**Член 1**

Се усвојува Стратегијата за развој на образованието на Општина Струмица за 2023-2027 со Акциски план за период 2023 – 2027 година.

**Член 2**

Стратегијата за развој на образованието на Општина Струмица за 2023-2027 со Акциски план за период 2023 – 2027 година, бр. 09-1314/7 од 13.04.2023 година, е составен дел на оваа Одлука.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-3412/1 Совет на општина Струмица
26.04.2023 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.

........................................

**124.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица” бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 25.04.2023 година, донесе

**О д л у к а**
**за усвојување на Локална стратегија за млади на Општина Струмица 2023-2027**

**Член 1**

Се усвојува Локална стратегија за млади на Општина Струмица 2023-2027 со Акциски план за период 2023 – 2024 година.

**Член 2**

Локалната стратегија за млади на Општина Струмица 2023-2027 со Акциски план за период 2023 – 2024 година, бр. 09-2999/2 од 11.04.2023 година, е составен дел на оваа Одлука.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-3413/1 Совет на општина Струмица
26.04.2023 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.

............................................

**125.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 25.04.2023 година, донесе

**О д л у к а**
**за учество на Општина Струмица по проект за „Превземи чекор – заштити ја животната средина“**

**Член 1**

Со оваа Одлука се обезбедуваат финансиски средства како сопствено учество од општина Струмица потребни за реализација на проектот „Превземи чекор – заштити ја животната средина“. Носител на проектот е Центарот за развој на Југоисточниот плански регион, а ќе се реализира во партнерство со Општина Струмица, Општина Василево и Општина Конче преку Програмата за рамномерен регионален развој за 2023 година со индикативно планирани средства за 2024 година финансирана од Бирото за регионален развој.

**Член 2**

Сопственото учество на општина Струмица во проектот од член 1 изнесува 1.156.321,00 денари со ДДВ.

**Член 3**

Средствата за оваа намена се обезбедуваат од Буџетот на општина Струмица за 2023 година.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Струмица“.

Бр.08-3414/1 Совет на општина Струмица
26.04.2023 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.

................................................

**126.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 25.04.2023 година, донесе

**О д л у к а**
**за учество на Општина Струмица по проект за „Техничка документација за нови регионални проекти“**

**Член 1**

Со оваа Одлука се обезбедуваат финансиски средства како сопствено учество од општина Струмица потребни за реализација на проектот „Техничка документација за нови регионални проекти“. Носител на проектот е Центарот за развој на Југоисточниот плански регион, а ќе се реализира во партнерство со Општина Струмица, Општина Радовиш, Општина Гевгелија, Општина Василево, Општина Босилово и Општина Конче преку Програмата за рамномерен регионален развој за 2023 година со индикативно планирани средства за 2024 година финансирана од Бирото за регионален развој.

**Член 2**

Сопственото учество на општина Струмица во проектот од член 1 изнесува 460.000,00 денари со ДДВ.

**Член 3**

Средствата за оваа намена се обезбедуваат од Буџетот на општина Струмица за 2023 година.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Струмица“.

Бр.08-3415/1 Совет на општина Струмица
26.04.2023 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.

.....................................

**127.**

Врз основа на член 19 став 4,5 и 6 и член 27 став 8 и 9 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22 и 274/22) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 25.04.2023 година, донесе

**О д л у к а**
**за утврдување на висината на месечниот надоместок на Претседателот и членовите на органите на управување на ЈСП „Струмица – Транспорт“ Струмица**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува висината на месечниот надоместок врз основа на присуство на седници на Претседателот и членовите на органите на управување на ЈСП „Струмица – Транспорт“ Струмица.

**Член 2**

Месечниот надоместок врз основа на присуство на седници на претседателот и членовите на Управниот одбор на ЈСП „Струмица – Транспорт“ Струмица, изнесува:

- За претседател – 3.000,оо денари;
- за член - 2.500,оо денари.

**Член 3**

Месечниот надоместок врз основа на присуство на седници на претседателот и членовите на Надзорниот одбор за контрола на материјалното и финансиското работење на ЈСП „Струмица – Транспорт“ Струмица, изнесува:

- За претседател – 3.000,оо денари;
- за член - 2.500,оо денари.

**Член 4**

Надоместокот за тековниот месец не се исплатува, за членовите што не присуствувале или не е одржана седница на органот на ЈСП „Струмица – Транспорт“ Струмица.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица”.

Бр.08-3417/1 Совет на општина Струмица
26.04.2023 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.

..............................................

**128.**

Врз основа на член 166 – з од Законот за заштита на децата (Службен весник на Република Македонија” бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22 и 236/22) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 25.04.2023 година, донесе

**О д л у к а**
**за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и директорот на ЈОУДГ „Виножито“ Струмица за 2023 година**

**Член 1**

Вредноста на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и Директорот на ЈОУДГ „Виножито“ Струмица за периодот од 01.01.2023 година до 31.12.2023 година изнесува 81,6 денари.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица”.

Бр.08-3418/1 Совет на општина Струмица
26.04.2023 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.

…………………..

**129.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 25.04.2023 година, донесе:

**О д л у к а**
**за утврдување на висината на месечниот надоместок на претседателот и на членовите на Управниот одбор на ЛУБ „Благој Јанков Мучето“ Струмица**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува висината на месечниот надоместок врз основа на присуство на седници на претседателот и членовите на Управниот одбор на ЛУБ „Благој Јанков Мучето“ Струмица.

**Член 2**

Месечниот надоместок врз основа на присуство на седници на претседателот и члeновите на Управниот одбор на ЛУБ „Благој Јанков Мучето“ Струмица, изнесува:

- За претседател – 3.000,оо денари;
- за член - 2.500,оо денари.

**Член 3**

Надоместокот за тековниот месец не се исплатува, за членовите што не присуствувале или не е одржана седница на Управниот одбор на ЛУБ „Благој Јанков Мучето“ Струмица.

**Член 5**

Средствата ќе бидат обезбедени од страна на ЛУБ „Благој Јанков Мучето“ Струмица.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица".

Бр.08-3419/1 Совет на општина Струмица
26.04.2023 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.

..........................................

**130.**

Врз основа на член 13 и член 27 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.32/20), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр.5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица" бр.4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 25.04.2023 година донесе:

**О д л у к а**
**за недонесување на Измена и дополнување на Детален урбанистички план за Блок 8 (КП 108/2) КО Струмица, Општина Струмица (Плански период 2018-2023 година)**

**Член 1**

Не се донесува Измена и дополнување на Детален урбанистички план за Блок 8 (КП 108/2) КО Струмица, Општина Струмица (Плански период 2018-2023 година).

**Член 2**

Со овој Урбанистички план се опфаќа простор со површина од 2,57ха, и е дефиниран со ДУП на град Струмица за дел од Блок 8 со граничен опфат:

- На северо-исток границата се протега по западната граница на речно корито на Крива Река,
- На југо-исток границата се протега по граница на соседни парцели: КП 107/3, КП 107/4, КП 107/5, 107/6, КП 107/7, КП 107/11, КП 107/12 и 107/13,
- На југо-запад границата се протега по основината на Булевар „Климент Охридски",
- На северо-запад границата се протега по основината на улица бр.4.

**Член 3**

Измена и дополнување на Детален урбанистички план за Блок 8 (КП 108/2) КО Струмица, Општина Струмица (Плански период 2018-2023 година), со техн. број 47/2018 од мај 2022 година содржи:

-текстуален дел (документациона основа и планска документација),
-графички приказ (документациона основа и планска документација),

**Член 4**

Измена и дополнување на Детален урбанистички план за Блок 8 (КП 108/2) КО Струмица, Општина Струмица (Плански период 2018-2023 година), се заверува со потпис и печат на доносителот на планот.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Струмица".

Бр.08-3420/1 Совет на општина Струмица
26.04.2023 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.

.................................................

**131.**

Врз основа на член 4 став 1 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија" бр. 23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16, 190/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.174/21), член 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на Република Македонија" бр. 56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица" бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 25.04.2023 година, донесе

**О д л у к а**
**за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за проширување на плански опфат на КП бр.7930, КО Струмица**

**Член 1**

Се утврдува потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за проширување на плански опфат за бесправниот објект, СТАНБЕНА КУЌА (зграда бр.3) со висина П (приземје), кој се наоѓа на КП бр.7930 КО Струмица, во сосопственост на Ибов Зија.

СТАНБЕНА КУЌА (зграда бр.3) со висина П (приземје), кој се наоѓа на КП бр.7930 КО Струмица, се наоѓа надвор од плански опфат.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-3421/1 Совет на општина Струмица
26.04.2023 год. Претседател
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.

....................................................

**132.**

